# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| | |
|---|---|
| Број 35 | 22.06.2023 година |



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти како етички и професионален стандард за обезбедување на консултантски услуги и експертиза за јавните тела | 5 |
| Заклучок за усвојување на Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти како етички и професионален стандард за обезбедување на консултантски услуги и експертиза за јавните тела | 5 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 6 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 6 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 7 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 8 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност | 10 |

| | |
|---|---|
| за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци | |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци | 11 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци | 12 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци | 13 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци-Локална самоуправа | 15 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци-Локална самоуправа | 17 |
| Решение за објавување на Одлука за примање на донација на изработена проектна документација од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци | 17 |
| Одлука за примање на донација на изработена проектна документација од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци | 18 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за 2024 година | 19 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за 2024 година | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Гоце Делчев" Кавадарци за 2024 година | 20 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Гоце Делчев" Кавадарци за 2024 | 20 |

| | |
|---|---|
| година | |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација по извршена контрола за состојбата на броилата за вода, (водомерите) на територијата на Општина Кавадарци | 21 |
| Заклучок за усвојување на Информација по извршена контрола за состојбата на броилата за вода, (водомерите) на територијата на Општина Кавадарци | 21 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на начинот и цената за промена на статус на корисник на услугите на ЈП „Комуналец“ Кавадарци | 22 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на начинот и цената за промена на статус на корисник на услугите на ЈП „Комуналец“ Кавадарци | 22 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за определување на надомест за противправно приклучување на водоводна и канализациона мрежа на водоводниот систем Лукар | 23 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за определување на надомест за противправно приклучување на водоводна и канализациона мрежа на водоводниот систем Лукар | 23 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин“ Кавадарци | 24 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин“ Кавадарци | 25 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на Синдикална Организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 25 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за давање донација на Синдикална Организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци | 26 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи во воспитната 2023/2024 година во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци | 26 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи во воспитната 2023/2024 година во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци | 27 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на работно време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци | 28 |

| | |
|---|---|
| Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на работно време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци | 28 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на општина Кавадарц | 29 |
| Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на општина Кавадарц | 29 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023" доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје | 30 |
| Заклучок за усвојување на Програмата Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023" доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје | 31 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци | 31 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци | 32 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на Програмата изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2023 година | 32 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на Програмата изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2023 година | 33 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти како етички и професионален стандард за обезбедување на консултантски услуги и експертиза за јавните тела**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти како етички и професионален стандард за обезбедување на консултантски услуги и експертиза за јавните тела, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.06.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци „(Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница одржана на ден 21.06.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К

**1. СЕ УСВОЈУВА** Бонска декларација за интегритетот на консултански услуги за јавни клиенти како етички и професионален стандард за обезбедување на консултантски услуги и експертиза за јавните тела.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Кавадарци .

**Бр.08-3897/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2023 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.06.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за од Законот за експропријација („Сл.весник на

РМ”бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-7742/9 од 22.12.2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.25/2022), и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-1691/4 од 15.03.2023 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“бр.29/2023), се врши следната измена и дополнување:

I.

Во член 2 став 1 после алинеа 27 се додава нова алинеа и тоа:

- ДУП за УЕ 6, дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов“ КО Кавадарци град.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-3897/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**21.06.2023 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4140/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.06.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 55 од Законот за Јавни патишта (Сл.весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта**

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење општинските јавни патишта ( „Службен Гласник на Општина Кавадарци,, бр. 32/11, 52/12, 3/13, 43/16, 6/18, 52/20 и 23/22 ), се врши следната измена и дополнување:

## Член 1

Во член 2, став 2 се менува и гласи:

„За користење на електрична енергија и осветлување на рекламни паноа, сити лајтови и висечки рекламни корисниците го плакаат следниот годишен надомест:

| рб | моќност | P-W | Просечен број на работни часови во 1 деноноќје | Број на денови | Потрошена електрична енергија на годишно ниво во kwh | Цена на 1 kwh во денари со ддв | Потршена електрична енергија на годишно ниво во денари со ддв | Паушал за монтажа/демонтажа во денари со ддв | Севкупно со ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приклучена моќност до 50 w | 50 | 12 | 365 | 219 | 15 | 3285 | 600 | 3885 |
| 2 | Приклучена моќност до 100w | 10 | 12 | 365 | 438 | 15 | 6570 | 600 | 7170 |
| 3 | Приклучена моќност до 200 w | 200 | 12 | 365 | 876 | 15 | 13140 | 600 | 13740 |

- Цена на 1 kwhелектрична енергија за улично осветлување во јуни 2023 година (во моментото на изготвување на пресметката) е 12,71 денари без ддв, односно 15 денари со ддв.
- Корекцијата за цена за 1Kwh елекртична енергија за улично осветлување ќе се врши согласно Одлуката за измена на висината на цената за 1 kwh електрична енергија на регулативната комисија за енергетика на Ребублика Северна Македонија.
- Осветлувањето на рекламни паноа, висечки рекламни и сити лајтови е со енергетски ефикасни светлечки тела (светилки, ленти) при што вкупната моќност не треба да ја надмине вредноста од 200 w ( видливо од прложебата електрична шема ).

- Материјалот потребен за поврзување на рекламни паноа, висечки реклами и сити лајтови на мрежата на улично осветлување е на трошок на корисникот.
- Поврзувањето на рекламните светлечки елементи на мрежата на улично осветлување треба да биде преку соодветен осигурувач само за тие елементи.
- При поставувањето на рекламните елементи на столбовите за улично осветлување треба да се посвети внимение за оптеретеноста на мрежата, стабилноста на столбовите како и начинот на поврзување од безедносен ефект.
- Сите материјали што се користат треба да бидат со соодветна ИП заштита„.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3897/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2023 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/4**
**22.06.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.12/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.12/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.7002 м.в.„Турски гробишта“ култура зз со новоформирана кп.бр.7002/2 во површина од 47м2 со право на сопственост на Маргита Накова од Кавадарци со стан на ул.„Киро Спанџов“ бр.91, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-105 од 06.09.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба - дел од ул.„Лазо Асијата“ предвидени со ДУП за УЕ „Лазо Асијата“ 2001-2006 согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-214/2022 од 18.01.2022 година изработен од „Геодата Инженеринг“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Маргита Накова од Кавадарци со стан на ул.„Киро Спанџов“ бр.91 од Кавадарци, износ од 922,50 ден./м2 односно за 47 м2 надоместок во вкупен износ од 43.360 денари.

3. Противникот е согласен надоместокот во вкупен износ од 43.360 денари, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.12/23.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.12/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3897/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2023 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.06.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

## ОДЛУКА
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

### Член 1
Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 42/22, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр. 42/22 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште на дел од кп.бр.7635 м.в.„Желкин Дол” култура зз со новоформирана на кп.бр.7635/2 во површина од 165 м2 со право на сосопственост од по 1/4 на Благој Димков од Кавадарци со адреса на Бул.„Македонија” бр.6, 1/4 на Методија Димков од Кавадарци Бул„Македонија” бр.6а, 1/4 на Тагасовски Благоја со

адреса на ул.„Анкарска”бр.21/6 Скопје и 1/4 на Тагасовски Тома од Скопје со адреса на ул.„Јане Сандански” бр.58/1/9 по Имотен лист бр.4508 КО Кавадарци – вон град, заради градење на дел од улица„Желковец” и дел од ул.„Мишо Шкартов предвидена по ДУП за УЕ „Коњски Дупки” 2000 - 2005 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-123 од 01.09.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, по претходно изготвен Геодетски елаборат со посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци со деловоден бр.0801-197/2020 од 24.11.2020 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ”ДООЕЛ Кавадарци.

2.Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците, износ од 1.230,00 ден./м2 односно за 165 м2 надоместок во вкупен износ од 202.950,00 денари, сразмерно на нивниот сосопственички дел, од по 1/4 на Димков Благој од Кавадарци, 1/4 на Димков Методија од Кавадарци, 1/4 наТагасовски Благоја од Скопје, и 1/4 на Тагасовски Тома од Скопје.

3 Противниците се согласни надоместокот во износ од 202.950,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на противникците.

4. Страните на Судската Спогодба се согласни адвокатските трошоци за две застапувања во износ од 54.600,00 денари предлагачот – Општина Кавадарци Локална самоупрва да го плати во рок 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на полномошникот на противниците адвокат Василка Тасева од Кавадарци.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр 42/22.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр.42/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-3897/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**21.06.2023 година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци-Локална самоуправа**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци-Локална самоуправа, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.06.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште Општина Кавадарци-Локална самоуправа**

**Член 1**

Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште – општина Кавадарци", со арх.бр. 08-1313/77 од 28.02.2023 година, се вршат следните измени и дополнувања:

-Насловот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште – општина Кавадарци СЕ ЗАМЕНУВА со наслов "Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште".

-Член 1 – текстот "Реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште – општина Кавадарци" СЕ ЗАМЕНУВА со текст "Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште".

-Член 2 - учеството на општината е во износот од "4.160.429" денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од "4.320.859" денари,
- износот од "4.160.429" денари СЕ ЗАМЕНУВА со изос "4.000.000 денари".

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3897/6** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**21.06.2023 година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, .......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за примање на донација на изработена проектна документација од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање на донација на изработена проектна документација од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.06.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4140/7**
**22.06.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци“ бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 29-та седница, одржана на ден 21.06.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за примање на донација на изработена проектна документација од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација изработена проектна документација на ниво ревидиран основен проект за изградба на Улица "1", Улица "2", Улица "Нов Белград 1" и изградба на фекална и

атмосферска канализација на дел од улица "Наќо Лазовски" од ДУП за УЕ 6 Блок 6.1 "МОНОПОЛ" КО Кавадарци, Општина Кавадарци, (заради изградба на станбена зграда), од страна на дävателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци, за остварување унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од обласста на комуналните дејности и тоа изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти согласно Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/2002).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **402.191,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како прималел на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈДМ Илија и др. Доо Кавадарци согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3897/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.06.2023 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

